# ПРАВОСМУКАЛКАТА BACKPACK

# БЕЗБЕДНОСТ

**ПРЕД ДА ПОЧНЕТЕ ДА ЈА КОРИСТИТЕ ПРАВОСМУКАЛКАТА BACKVAC, ПРОЧИТАЈТЕ ГО ПРИРАЧНИКОТ ЗА КОРИСНИЦИ**

## СОВЕТИ ЗА БЕЗБЕДНО КОРИСТЕЊЕ




- Секогаш наместете ги ремените околу половината и на рамениците во удобна позиција.
- Наместете ја продолжителната цевка на должината која ви одговара.
- Избегнувајте да се наведнувате додека чистите со правосмукалката.

**Не ја користите правосмукалката подолго време без да правите паузи.**




- Секогаш одмотувајте го кабелот за струја до крај.
- Проверете дали кабелот е правилно приклучен во струја и безбедно вклештен.
- Не користете оштетен кабел за струја и никогаш не ја држите правосмукалката за кабелот.
- Немојте да го влечите кабелот околу оштри рабови или под врати.
- Немојте да го исклучувате кабелот од струја со тргање.
- Не го допирајте приклучокот за струја со влажни раце.



**Не ја користете правосмукалката надвор или на влажни површини.**

## ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЛИЦЕТО КОЕ РАКУВА СО ПРАВОСМУКАЛКАТА










- Кога ја подигате правосмукалката, држете ја близу до телото. Протнете ги рацете низ ремените за рамениците и ставете ја машината во удобна позиција на грбот.
- Добро закопчајте го ременот околу половината така што тежината на правосмукалката да ви паѓа на колковите, не на рамениците.
- Попуштете ги малку ремените на рамениците за да можете слободно да ги движите рацете и да се наведнувате без да ве притиска правосмукалката.
- Подесете ја должината на цевката така да раката со која ја држите удобно може да ви виси од страната кога стоите исправени.



**АКО ЈА НАМЕСТИТЕ И НОСИТЕ ПРАВОСМУКАЛКАТА ПРАВИЛНО, ЌЕ СПРЕЧИТЕ ДА СЕ ЗАМОРУВАТЕ И ДА СЕ ПОВРЕДИТЕ**

# ПРАВОСМУКАЛКАТА BACKPACK

# ЕФИКАСНОСТ

## ПРЕД ДА ПОЧНЕТЕ ДА ЈА КОРИСТИТЕ ПРАВОСМУКАЛКАТА BACKVAC, ПРОЧИТАЈТЕ ГО ПРИРАЧНИКОТ ЗА КОРИСНИЦИ

## КАКО ДА ЈА ПОДГОТВИТЕ ПРАВОСМУКАЛКАТА BACKVAC ЗА ЧИСТЕЊЕ

Подигнете го капакот и проверете дали кесата за ѓубре е празна и дали е точно наместена за да може херметички да се затвори кога капакот е спуштен. Ако е потребно, ставете хартиена кеса за ѓубре.

Проверете дали цревото од правосмукалката е правилно провнато низ капакот. Преместете го капакот со цревото на страната на која ви одговара.

Прегледајте го кабелот за струја за да проверите дали е оштетен и дали е правилно вклештен.

## КАКО ЕФИКАСНО ДА ЈА КОРИСТИТЕ ПРАВОСМУКАЛКАТА BACKVAC

- Пред да почнете да чистите, прегледајте ја површината што треба да се исчисти со правосмукалката за да видите на кои места треба да се чисти детално.
- Не трошете време во чистење на местата кои не се валкани.
- Секогаш одмотувајте го кабелот до крај.




**Планирајте како ќе се движите за кабелот да биде зад вас. Избегнувајте да се враќате непотребно на исчистените места.**

- Водете грижа со правосмукалката да не собирате преголеми предмети кои можат да ја затнат цевката или цревото.
- Користете го вентилот за испуштање воздух кој се наоѓа на држачот за да можете да ја регулирате јачината на шмукување при секое чистење.




**Внимавајте на работите околу вас и не заборавајте дека носите правосмукалка на грб.**

- Избегнувајте да оштетувате мебел, правосмукалката или да се повредувате самите себе.
- Чистете исправени, со лесни движења на раката и користете ги паузите за одмор.
- Кога ќе завршите, откопчајте го ременот околу половината и внимателно спуштете ја машината од грбот.
- Исклучете го кабелот од струја и замотајте го, почнувајќи од крајот на машината.




**Испразнете и исчистете ја кесата за ѓубре.**

- Држете ја правосмукалката за рачката, не за кабелот или цревото.

# ПРАВОСМУКАЛКАТА BACKPACK

# ОДРЖУВАЊЕ

## ШТО ДА ПРАВИТЕ АКО...

## ПРАВОСМУКАЛКАТА BACKVAC НЕ СЕ ВКЛУЧУВА

Проверете дали свети копчето за струја

**Ако копчето не свети:** Проверете дали кабелот за струја е правилно вклучен
Проверете дали има довод на струја
Прегледајте го кабелот и ако е оштетен заменете го со нов
Проверете дали кабелот е безбедно поврзан со правосмукалката

**Ако кабелот е безбедно поврзан со правосмукалката:** Однесете ја правосмукалката на проверка кај овластен техничар.

## ПРАВОСМУКАЛКАТА BACKVAC ПРЕСТАНЕ ДА РАБОТИ

Можеби се вклучил заштитниот прекинувач на моторот затоа што кесата за ѓубре е преполна или затоа што цевката, цревото или додатните делови се затнати. Испразнете и исчистете ја кесата или отстранете ги работите што ја затнале цевката, цревото или додатните делови. Почекајте 30 минути и после тоа повторно вклучете ја правосмукалката.

## ПРАВОСМУКАЛКАТА BACKVAC НЕ ВШМУКУВА

Проверете дали кесата за ѓубре и капакот се правилно наместени и соодветно херметички затворени. Проверете дали цревото е сигурно поврзано со капакот и додатните делови. Проверете дали кесата за ѓубре е празна и чиста и дали цевката, цревото или додатните делови се затнати.

## СО ПРАВОСМУКАЛКАТА BACKVAC ШМУКАВТЕ ВОДА

Оваа правосмукалка може да се користи само за чистење на суви површини. Ако се вшмука вода, веднаш исклучете ја правосмукалката од струја. Извадете го кабелот од доводот на струја. Испразнете ја кесата за ѓубре и оставете ја да се исуши. **НЕ** ја користите правосмукалката се додека не ја прегледа овластен техничар.

## ЦРЕВОТО СЕ ОТКАЧИ ОД КАПАКОТ

Повторно наместете го цревото со тоа што ќе го прицврстите на капакот со вртење во спротивна насока од стрелките на часовникот.

## ЦРЕВОТО СЕ ОТКАЧИ ОД ДРЖАЧОТ

Одвртете го прстенот за прицврстување на држачот и ставете го на цревото. Најдете каде се наоѓа средиштето за прицврстување во држачот и прицврстете го на цревото со вртење во спротивна насока од стрелките на часовникот. Ставете го средиштето во држачот и наместете го прстенот за прицврстување.

## КАБЕЛОТ ЗА СТРУЈА Е ИЗВИТКАН

Целосно испружете го кабелот и одмотајте го. Одмотувајте го кабелот се додека повторно не се исправи. Секогаш одмотувајте го од машината кон приклучокот. Прегледајте го дали е оштетен.